АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА
НА ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 08-711/1
27.12.2018 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

*Циркуларен допис*

До

Друштвата за осигурување во Република Македонија

Скопје, 27.12.2018 година

**Предмет**: Објава на општите и посебни услови на осигурување

Почитувани,

Согласно членот 52 став (2) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018), друштвото за осигурување е должно на својата интернет страница да ги објави општите и посебните условите на осигурување, како и нивните измени во рок од пет дена од нивното донесување.

Друштвото за осигурување, исто така, има обврска покрај објавата на секоја измена на општите и посебни услови за осигурување во предвидениот рок од пет дена од донесувањето на актот да објави и пречистен текст на општите и посебните условите на осигурување дополнето со датум на кој е направена објавата.

Со цел подобра информираност на осигурениците и корисниците на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на осигурување на својата интернет страница ќе организира дел посветен на општите и посебните условите на осигурување на сите друштва за осигурување на кој ќе биде достапен линк за поврзување со овој дел на Вашата интернет страница.

За таа цел, потребно е до 10 јануари 2019 година преку електронска пошта на contact@aso.mk да ни доставите линк до делот на Вашата интернет страница на кој се објавуваат општите и посебните условите на осигурување. Исто така, друштвото за осигурување има обврска да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување со ажуриран функционален линк доколку дојде до промени во организирањето на интернет страницата.

Со почит,

Климе Попоски

Претседател на Советот на експерти